ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1013/1
29.10. 2021 год
СКОПЈЕ

**Доставено до:**

г-дин Зоран Заев, Претседател на Влада на Република Северна Македонија

Г-дин Дејвид Гир, Амбасадор на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија

**Предмет:** Барање за овозможување транспарентен и консултативен процес на реорганизација во рамки на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација" со референтен број EuropeAid/139876/DH/SER/MK и Барање да не се усвои финалниот извештај на експертскиот тим пред да биде консултиран со засегнатите страни

Скопје, 29 октомври 2021 година

Почитуван Премиер на Владата на Република Северна Македонија, г-дин Зоран Заев, Почитуван Амбасадор и Шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, Н.Е. Дејвид Гир,

Ние долупотпишаните граѓански организации ја поздравуваме заложбата за реформирање на системот на државната управа, кој треба да има за цел да ги операционализира и рационализира органите на државната управа, што пак, ќе доведе кон создавање функционални и услужно ориентирани институции согласно потребите на граѓаните. Овој процес го сметаме за исклучително значаен за спроведување на предвидените мулти-секторски реформи и токму од тие причини сметаме дека процесот треба да биде транспарентен и отворен за сите засегнати страни и да ги почитува домашните прописи за креирање политики.

Согласно преземените активности во рамки на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација" со референтен број EuropeAid/139876/DH/SER/MK креирана е базичната проценка (Извештај) која треба да претставува постулат за понатамошниот развој и реорганизација на државната управа, а во кој процес граѓанското општество и домашната експертска јавност не се вклучени. Цениме дека овој процес треба да биде транспарентен, во согласност со процесот на влијание на регулативата и пред се согласно Деловникот на Владата за навремено објавување на актите на ЕНЕР порталот. Затоа, од Делегацијата на Европската Унија бараме транспарентно да го објави извештајот за реорганизација на државната управа, подготвен од експертите во рамки на ИПА проектот, а од Владата бараме да спроведе процес на консултации со засегнатите страни и граѓанското општество за дадените предлози за реорганизација.

Би сакале да ве запознаеме дека во изминатиот период во неколку обиди бараме од тимот на ИПА проектот и од институцијата корисник (МИОА) да добиеме пристап до проценката (извештајот) за понатамошниот развој и реорганизација на државната управа, но безуспешно бидејќи се повикуваат на клаузули на тајност од Договорот на

ИПА проектот. Граѓански организации беа поканети на работилница[1] за визуелно следење на алатката за реформа на органите на државната управа, на која од страна на главниот експерт на проектот беше презентиран моделот според кој треба да се реорганизираат институциите. На оваа работилница за прв пат имавме можност да се запознаеме со идејата на експертскиот тим и со начинот на кој е предвидено да бидат организирани и поставени хиерархиски органите на управата. Сакаме да потенцираме дека поради фактот што извештајот за предлогот за реорганизација не е јавно достапен и не сме вклучени во консултациите оневозможено ни е целосно да се запознаеме со процесот и предлозите кои се предвидени.

Од тоа што беше предмет на презентација цениме за потребно да нагласиме дека одредени предлози за реорганизација немаат оправданост или пак се косат со одредени начела на независност, преклопување на надлежностите на извршната и законодавната власт, како и со одредени директиви на ЕУ кои се однесуваат на конкретни области.

Дозволете да издвоиме само неколку примери кои беа воочени на при презентацијата, за кои не гледаме оправданост за нивно реализирање:

- **Креирање на Директорат/Агенција за НВО во рамки на Министерството за политички систем.**
  Цениме за потребно да напоменеме дека Владата е органот кој како што е хиерархиски поставен треба да го координира целокупниот процес на соработка и развој на граѓанското општество, а не поединечно министерство. На тој начин се овозможува сите ресорни министерства подеднакво да бидат вклучени во процесот за соработка преку веќе утврдениот механизам - Советот за соработка и развој на граѓанското општество, поддржан од Одделението за НВО соработка при Генералниот секретаријат на Владата на РСМ. Доколку само едно ресорно министерство е надлежно за односното прашање се овозможува поларизирање на процесот и губење на потребниот формат на „чадор" институција која ќе ги има предвид и ќе ги опфаќа сите области, политики и прашања на кои работат граѓанските организации. Од ниту еден аспект не може да се каже дека Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците може да биде таа чадор институција, зашто мандатот на министерството е многу потесен во однос на областите и прашањата на кои работи граѓанското општество. Особено е неоправдано спојувањето помеѓу верските заедници и граѓанските организации во рамки на една агенција како што е тоа направено во презентацијата за реорганизација на државната управа. Се поставува прашањето по која анализа и со која оправданост се спојуваат верските заедници и граѓанските организации, а се остава засебна агенција за млади?

- Спојување на повеќе регулаторни тела во еден орган. Се поставува прашањето дали носителот на раководната функција во ова тело ќе има познавање за сите области кои истото ќе ги опфаќа и ќе може да одлучува за секое прашање соодветно.

[1] Одржана на 27.10.2021 година во Клубот на органите на управата

- Концентрацијата на моќ и влијание на одредени Директорати/Агенции и можноста од идна злоупотреба. Во одредени министерства е предвидено да постојат директорати кои во себе ќе опфаќаат голема моќ на одлучување, а воедно и имплементација како за концесии, дозволи и сл.

- **<u>Укинување на одделението за родова еднаквост во рамките на Министерството за труд и социјална политика.</u>**
  Како граѓански организации не можеме да разбереме зошто се укинува постоењето на одделението за родова еднаквост со значаен мандат на министерството за ова крос-секторско прашање, а се воведува одделение за семејство. Сметаме дека ова не ги отсликува актуелните државни политики, не е во согласност со програмата за работа на Владата на РСМ и се коси со директивите на ЕУ во поглед на родовата рамноправност.

- **<u>Неопфатеност на директорати за ЕУ интеграции во рамки на ресорните министерства.</u>**
  Постојните акти за систематизација на министерствата опфаќаат одделенија за интеграција со ЕУ. Во презентацијата на која се повикуваме, никаде не се пресликува ЕУ интегративниот елемент во работата на министерствата, па оттаму и се поставува прашањето како понатаму ќе бидат систематизирани овие одделенија, ако нема основа во реорганизацијата. Според презентацијата, целата надлежност за ЕУ интеграциите единствено се лоцира во Секретаријатот за европски прашања при Владата на РСМ.

Нагласуваме дека ова се само дел од утврдените дилеми кои произлегоа од самата презентација. Имајќи предвид дека целосниот Извештај не е јавно достапен, не сме во можност во детали да го коментираме истиот и да ги изнесеме целосните наши ставови по однос на предвидената реорганизација.

Посочуваме дека овој процес е основата на други веќе започнати процеси, како измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа и реформата на државна администрација, и затоа неопходно е да биде транспарентно спроведен и со консултации кои недостасуваат.

Од овие причини, од **Делегацијата на ЕУ** во РСМ бараме **<u>да овозможи објавување на финалниот извештај за реорганизација</u>** предложен од експертите на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација".

**<u>Од Владата бараме да не го усвои конечниот извештај за реорганизација предложен од експертите на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација" сè додека не бидат спроведени консултации со засегнатите страни, во согласност со стандардите за транспарентност и отчетност</u>**. Засегнатите страни да бидат дел од процесот на креирање на самата политика за реорганизација на органите на управата, бидејќи не е доволно нивно вклучување само во креирањето на Законот за организација на државната управа.

Дополнително, **<u>бараме од Делегацијата на ЕУ да побара информации од експертскиот тим и корисникот на проектот (МИОА)</u>** во рамки на „Поддршка на

државната реорганизација" **<u>за причините за непочитувањето на домашната регулатива во поглед на необјавувањето на Проценка на влијанието на регулативата за предлог Законот за организација на државната управа.</u>** Потоа очекуваме Владата да го задолжи Министерството за информатичко општество и јавна администрација да спроведе и објави Проценка за влијанието на регулативата по однос на отпочнатиот процес на изработка на нов Предлог закон за организација на државната управа, да го објави на ЕНЕР.

Се надеваме на соработка од страна на Владата и Делегацијата на ЕУ во РСМ и Ви стоиме на располагање за повеќе информации во врска со самиот процес и начинот на вклучување на засегнатите страни во истиот.

Со почит,

Мрежи на граѓански организации потписнички:

- Платформа на граѓански организации за борба против корупција
  Контакт: Секретаријат на Платформата- Институт за демократија Социетас Цивилис- Скопје; Миша Поповиќ, misha@idscs.org.mk

- Блупринт група за реформа на правосудството
  Контакт: Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Гоце Коцевски, gkocevski@myla.org.mk

- Платформа за родова еднаквост
  Контакт: rodovaplatforma@gmail.com

- Граѓанската организацијата Центар за управување со промени
  Контакт: Неда Малеска Сачмароска, neda.maleska@cup.org.mk

Фани Каранфилова-Пановска
Фондација Отворено општество - Македонија

Копија доставена до:
- Министерство за информатичко општество и администрација и до Советот за Реформа на јавната администрација
- Генерален секретаријат на Владата на РСМ / Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество